| НЕДЕЛНА ТЕМА: | Птиците во зима |
|---|---|
| **СОДРЖИНА НА ДЕНОТ:** | Грижа за птиците |
| **ВОЗРАСТ:** | 3-4 години |
| **ВОСПИТУВАЧ:** | Лилјана Црвенкоска |
| **ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ** | |
| **ЗДРАВИ И БЕЗБЕДНИ НАВИКИ:** | Разговор за одржување на хигиена на рацете и приборот за јадење. |
| **АКТИВНОСТ:** | - Запознавање со птиците кои зимуваат кај нас и грижата за нив.<br>- На почетокот од активноста, на детето им се чита краток текст со наслов „Дури зимата трае, мора така да е...”. Потоа, преку разговор со слика, ќе се запознае со птиците кои зимуваат кај нас, со нивниот изглед, со што тие се хранат, нивните живеалишта, начинот на одење. Бидејќи во текстот се споменува само врапчето, детето се запознава и со другите видови птици кои зимуваат кај нас преку слики: – гугутка, гавран, страчка. Детето моѓе да ги набљудува, ќе ги именува и опишува нивниот изглед и нивните карактеристики – птиците имаат перја, одат на две нозе, не зборуваат туку чрчорат (пеат), храната ја земаат со клун... Исто така, може да се запознае и со грижата на луѓето кон птиците – човекот прави куќичка за нив како живеалиште во зима, им дава храна, вода, ги негува и внимава на нив додека трае зимата, бидејќи ним им е ладно надвор, тие се гладни и жедни во услови на студено време надвор, во зима.<br>- Обликување на амбалажа „Куќичка за врапчето”.<br>- Игри на свеж воздух во блиската околина.<br>- Прилог: Извадок од текстот „Дури зимата трае, мора така да е...”<br><br>Џив, џив, џив...џив, џив, џив...<br>Се уште сум здрав и жив!<br>Не ме плашат студ и мраз – таков сум си деца јас!<br>Брз, пргав ороводец, храбра птица – домородец! |

| | |
|---|---|
| | Чув кај велат:<br><br>Оној врабец – џивка, скока како жабец...<br><br>А не знаат дека јас – највесел сум покрај вас!<br><br>Со мене штом сте деца тука – срцево ми чука...<br><br>Пријатели кој такви има, не се плаши тој од зима!<br><br>Џив, џив, џив, бидете ми сите здрави и живи!<br><br><br>Автор: Киро Донев |